Јули 2023

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА

# Јавна општинска установа за деца –

# ДЕТСКА ГРАДИНКА „БАМБИ” населба Чашка – Општина Чашка

# 2023/2024



ЧАШКА, ЈУЛИ 2023

## Вовед

ЈОУДДГ „Бамби" е основана на 29.12.2020 година со Одлука на Советот на Општина Чашка. Како нова градинка исправени сме пред предизвикот да овозможиме квалитетна воспитно – згрижувачка и јавна дејност ставајќи ги на располагање сите ресурси, и материјални и човечки, следејќи ги современите светски трендови од оваа област, секојдневно надградувајќи се во истото.

Дејноста се врши во една организациона, компактна и функционална единица која ги исполнува стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца. Објектот на ЈОУДДГ „Бамби" е во сопственост на Општина Чашка.

Организацијата и содржината на дејност во детската градинка се остварува преку програми за нега, згрижување, воспитување, образување и исхрана на децата. Воспитно-образованата работа во установата се изведува врз основа на Програмата за рано учење и развој и  Стандардите за рано учење и развој.

Јавната детска градинка донесува годишна програма за работа. Годишната програма за работа содржи: организација и работно време на градинката, програмите на детската градинка, распоредување на децата во групи, работата на директорот, стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со други установи и институции, воспитно-образовни и проектни активности  за децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Следејќи ги современите светски трендови во преучилишното воспитание и образование, во нашата Установа се реализира програма за раст, развој и рано учење која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој во сите развојни домени.

И понатаму нашата установа ќе остане доследна на своите главни цели,  да биде безбедна, стимулативна и креативна средина за развој на децата од предучилишна возраст, да реализира квалитетно предучилишно воспитание и образование и да одговори на сите нови предизвици кои ги нуди современата предучилишна теорија и пракса.

## 1. Појдовни основи за организација на дејноста

Дејност на детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Планирањето на воспитно - образовната и згрижувачка дејност на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Бамби” се одвива врз основа на следните документи :

- Закон за заштита на децата – (Службен весник бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19) и (Службен весник на РСМ бр. 275/19, 311/20, 294/21,150/22 и 236/2022);
- Статутот на Установата;
- Програма за рано учење и развој (Сл.Весник на Р.Македонијабр.46/14)
- Програма за рано учење и развој за деца со пречки (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/15)
- Програма за едукација на деца од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (Сл.Весник на Р.Македонијабр.98/14)
- Упатство за планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.
- Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.
- Стандардите за рано учење и развој.

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно вклучување во основно образование.

Згрижувањето и воспитанието на децата во детската градинка се остварува во хетерогени групи, вклучувајќи деца од 2-6 годишна возраст.

## 2. Услови за работа и организациона поставеност

Својата дејност Установата ја реализира во една организациона единица во Општина Чашка. Објектот е лоциран на ул. “8-ми Септември” бб. Населба Чашка. Овјектот е адаптиран, но ги исполнува нормативите и стандардите за згрижување на деца од предучилишна возраст. Нето корисната површина изнесува 180 м2 покриена, и 481 м2 дворна површина. Моментално, Установата има услови за две хетерогени групи со вкупен капацитет од 36 деца. Во овој момент, во двете групи има запишано 36 деца, со што капацитетот е сосема исполнет. Од основачот, односно Советот на Општина Чашка ќе се побара согласност за прием на деца и над проектираниот капацитет, се со цел да им се излезе во пресрет на родителите кои имаат интерес да ги запиша своите деца во градинка. Постои листа на чекање од 6 деца, но тие се помали од две години, а ние не располагаме со јаслени групи. Можеби ова е показател дека идните планови на установата треба да бидат во таа насока - создавање услови за згрижување на деца и помали од 2 години.

### *2.1.Просторни услови*

Условите во кои работи Установата одговараат, односно ги задоволуваат педагошките стандарди и нормативи. Сите простории се опремени со нов мебел и опрема, кои овозможуваат непречено функционирање на едно задоволително ниво.

Моментално располагаме со две занимални, кои се уредени по систем центри за активности, бидејќи тоа го бара и Програмата за рано учење и развој. Како нова градинка ќе се вложиме заедно со воспитно-згрижувачкиот персонал центрите да бидат добро уредени, со креации и изработки кои ќе ги збогатат и оплеменат, давајќи им топол, привлечен и сигурен изглед. Оваа година фондот на играчки, едукативен и дидактички материјал ќе го збогатиме и истиот ќе биде во функција на поквалитетно реализирање на активностите и проектите кои се изведуваат со децата.

Од останатите простории, Установата располага со централна кујна – опремена со соодветна опрема и ситен инвентар набавени согласно HACCP стандардите, две административни канцеларии, перална, магацин, тоалети за децата, тоалет за вработените, влезен ходник, ходник со гардероби.

Објектот  располага со следните простории:

- **<u>Простории за деца</u>**

  - Занимални - 82,7 м$^2$
  - Влезен дел /прием на деца – 3.2 м$^2$
  - Тоалети за деца – 16,0 м$^2$
  - Ходник со гардероби – 10,0 м$^2$

- **<u>Економско-технички простории</u>**

  - Кујна – 22,7 м$^2$
  - Магацин за храна -  5,5 м$^2$
  - Перална - 2.3 м$^2$
  - Ходник со гардероби за вработени - 3.0 м$^2$
  - Котлара – 7 м$^2$

- **<u>Административни простории</u>**
  - Канцеларија за директор – 10 м$^2$
  - Заедничка канцеларија за стручен кадар и административен персонал – 9 м$^2$

*2.2 Опременост на Установата за деца*

*2.2.1 Опрема и мебел за деца во градинка*

Просториите кои се наменети за престој на деца од 2 до 6 години во објектот одговараат на потребите и нормативите кои се предвидени за соодветната возраст. Занималните се опремени со плакари, масички и столчиња, креветчиња и друг помошен инвентар. Исто така во занималните постојат разновидни центри за учење опремени со соодветни играчки и игровен материјал. И оваа година ќе се посвети внимание на понатамошно дополнување на фондот на игровен материјал .

### *2.2.2 Играчки и дидактички материјал во градинка*

И во текот на оваа учебна година установата ќе продолжи со доопремување на воспитната група во градинка со соодветен дидактички и игровен материјал и обнувување на истиот. Следејќи ги новините во изработка на играчки и новите современи играчки на пазарот, установата ќе се труди да обезбеди доволно средства за набавка на истите со што ќе влијае на развивање на когнитивниот, моторниот, емоционалниот, социјалниот и говорниот развој на децата. Освен играчки и игровен материјал ќе се обезбедуваат и сликовници, енциклопедии и друга стручна литература како и останати дидактички материјали.

Врз база на препораките и потребата од поминување на што повеќе време на отворено на децата, оваа година, како и претходната, во дворот ќе се креираат катчиња за учење на отворено. Истите ќе изобилуваат со низа дидактички материјали со кои што ќе се стимулира детската љубопитност и иницијативност, ќе се поттикнат да истражуваат, да учат и да стекнуваат вештини во непосредната природна околина.

### *2.3. Потребни зафати за проширување, санација и реконструкција на Установата*

Оваа година Установата планира и веќе е започнат процесот за проширување на дејноста згрижување и воспитување на деца во друго населено место, конкретно село Мелница. Општина Чашка превзема обврска за обезбедување локација и средување на документација за истата, за да се обезбеди маркица за градба и тоа е во завршна фаза. ЈОУДДГ Бамби пак, со јавна набавка избра фирма за изработка на основен проект за изградба на објект на градинката во село Мелница, вклучително и ревизија за истиот. Со изработен проект ќе се аплицира за средства за изградба во МТСП или ќе се бараат други извори на средства.

Во однос на другите зафати, кои би биле во помал обем би биле:

- Бојадисување на објектот од надворешна страна;
- Бојадисување на делови од објектот од внатрешна страна;
- Инсталација на против пожарен систем;
- Инсталација на видео надзор;

- Хортикултурно уредување и опремување на дворната површина;
- Дополнување на опремата во централната кујна;
- Дополнување на занималните со игровен и едукативно-дидактички материјал;
- Уредување и адаптирање на дел од дворните површини во занимални на отворено (песочник)

### *2.4. Аудио-визуелна опременост*

Аудио-визуелната опременост во Установата е солидна со тоа што овој фонд постојано ќе се обновува. Установата располага со доволен број на лаптопи за непречена воспитно-образовна дејност, компјутери, камера, дигитални фотоапарати, фотокопири, ЦД плеери и ТВ приемници. Во текот на оваа година ќе се направи и набавка на нова опрема за потребите на установата.

### *2.5. Библиотечен фонд*

Библиотечниот фонд е скромен па активносите ќе бидат во насока да се обезбеди стручна литература , која ќе биде достапна за воспитно-згрижувачкиот персонал во секој момент за лична консултација и правилна и современа примена на содржините планирани за децата од сите возраст и истата ќе се збогатува секоја година,

Објектот располага и со литература за деца во вид на бајки, басни, раскази, сликовници, кои се во постојана употреба во слободно време, како и во планирани активности. По однос на тоа, предвидена е набавка на нови литературни наслови, прирачници, сликовници, приказни и драмски текстови, а по потреба и енциклопедии за деца од различен вид, книги со детски игри и сл.

# 3. Организација на животот и работата во детската градинка

ЈОУДДГ Бамби – Општина Чашка својата дејност ја остварува преку следните програми за работа, во зависност од времетрањето:

- Програма за целодневен престој – од 9 до 11 часа, организирана претпладне
- Програма за полудневен престој – од 4-6 часа , организирана исто така претпладне.

Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата. Речиси без исклучот, сите новозапишани деца избираат програмата за целодневен престој.

Програмите ќе се реализираат од 1 септември до 31 август. Работата во Установата тече континуирано за време на зимскиот и летниот период и нема колективен одмор. Работно време на установата е од 05:30 - 18:00 часот во зависност од потребите на родителите. Досегашната пракса, односно потребата на родителите го дефинира реалното работно време на установата, а тоа е од 06:00 – 16:00 часот, па така е организирано и згрижувањето и работното време на вработените во ЈОУДДГ “Бамби” – населба Чашка, Општина Чашка. На барање на родителите истото може да се промени, во погоре наведената временска рамка.

Ритамот на денот во установата е флексибилна рамка и се прилагодува на активностите и потребите на децата а условен е од плановите на дневните активности кои се составен дел на Годишниот план на работа. Важно е да работата се одвива континуирано, каде што една по друга се менуваат разни видови на активности и игри без остри граници и строго инсистирање на она што е планирано Подолу табеларен приказ на дневните активности во градинските група по временски интервали.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на деца и слободни активности (игри по избор на децата) | до 8:15 часот |
| 2. | Утринска гимнастика | 8:15 ч |
| 3. | Појадок | 8:30 ч |
| 4. | Реализација на дневното планирање | 9:00 ч |
| 5. | Ужинка | 10:00 ч |
| 6. | Реализација на дневното планирање | 10:20 ч |
| 7. | Прошетки,набљудувања и престој на свеж воздух | 11:00 ч |
| 8. | Ручек | 11:30 ч |
| 9. | Пасивен одмор -спиење | 12:00 ч |
| 10. | Ужинка | 14:00 ч |
| 11. | Слободни игри и средување на центрите за учење | 14:15 ч |
| 12. | Заминување на децата | до 16:00 ч |

*3.1 Вработени*

Вкупниот број на вработени на ниво на цела организација изнесува дванаесет. Подолу табеларен приказ на структурата на вработените по профили и образование.

| Профил | Вид на оразование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII 1 | 1 | определено |
| Воспитувач | ВСС/VII 1 | 2 | неопределено |
| | | 1 | определено |
| Негователи | ССС | 2 | неопределено |
| | | 1 | определено |
| Сметководител | ССС | 1 | неопределено |
| Готвач | ССС | 1 | неопределено |
| Садомијач/сервер | ССС | 1 | неопределено |
| Набавувач | ССС | 1 | неопределено |
| Хигиеничар | НКВ | 1 | неопределено |

**Градинските групи** ќе работат во насока на реализирање на згрижувачката, воспитната и образовна дејност. За децата од овие групи ќе се грижи воспитен тим составен од воспитувачка и негователка и ќе ги остваруваат дневните воспитни насочени, слободни и хигиенски активности. При реализирањето на активностите основен принцип од кој се поаѓа е интересот и желбата на детето. Целта на активностите е правилно да се насочат и канализираат детската љубопитност, интерес и желба за сознавање, а преку тоа позитивно да се влијае на сензомоторниот, социо-емоциналниот и когнитивниот развој на децата.

**Видови на активности** кои ќе бидат застапени кои и до сега беа застапени во програмата се **реализација на дневни активности и слободни активности и игри**. Дневните активности ќе имаат за цел да ги едуцираат децата преку содржини адекватни и адаптирани за одредена возраст, а за кои основните насоки се концепираат на тематските планирања во соработка со стручната служба. Слободните активности и игри пак можат да бидат застапени во два наврати во текот на денот, а имаат за цел да ги задоволат желбите на децата за индивидуална игра и игра во група, без разлика дали станува збор за имитативни, симболични, подвижни или друштвени игри. Други активности кои се застапени во текот на денот се секојдневните активности за лична хигиена и активности во врска со правилата за однесување во различни ситуации.

Особено, ќе им се посвети внимание на прошетките и игрите на воздух, набљудувањата и моторичките игри кои се во корелација со дневните активности, а и истражувачките игри најчесто во природа.

Со Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели примери на активности, очекувани резултати и соработка со родители. Основни принципи на оваа програма се:

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам;
- Принцип на демократичност;
- Принцип на доминација и игра и принцип на поврзување со животната реалност;
- Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување;
-Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација;
- Принцип на целосност и интегритет;

- Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес;
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;
- Принцип на развојно-процесен пристап;
- Принцип на критичко вреднување;
- Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот;

Во текот на реализацијата на програмата ќе се настојува максимално да се почитува интересот на детето, користејќи актуелни и привлечни содржини, сето тоа во форма на игра и со издржана застапеност на сите дидактички средства и игровен материјал правилно вклопени во стимулативната занимална.

## 4. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

Современите научни сознанија во делот на предучилишното воспитание и образование укажуваат на тоа да овој период на детскиот развој е најинтезивен и е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идната личност. Во овој период детето се социјализира, трансформира, афирмира, се развива и усовршува неговата моторика, се богати и култивира неговиот говор, се задоволуваат потребите на детето за игра и контакти со врсници и возрасни, се развиваат изразните и творечки потенцијали, се создаваат хигиенски, културни, работни навики и др.

Во Установата се реализира Програмата за рано учење и развој од 0-6 год. која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој. Во одделните степени на развојот на детето се негуваат и поттикнуваат оние форми на однесување и изразување што се карактеристични за тој период, а се развиваат индивидуалните можности и се создаваат услови за неговиот натамошен развој.

Истата ги обединува здравствена и социјалната заштита, овозможува интелектуални стимулации, давање можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социо-емоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остварат своите потенцијали.

Програмата за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст ќе се реализира секојдневно преку:

- Активирање на децата во воспитно-образовниите и животните активности воградинката;
- Поделба на обврски меѓу сите членови во групата (деца и возрасни), по пат на договор;
- Посети и контакти со соодветни лица и институции;
- Играње игри на улоги и имитативни игри ви различните центри на активностите за играње и активирање;
- Презентирање модел на идентификација (примерот на воспитувачот)преку разработување различни содржини за таа цел:приказни, драмски текстови, песни и сл.
- Работно воспитување, како примарен елементи во развој на детската личност, ќе ги преферира следните:
- Создавање потреба кај детето за активирање
- Создавање љубов и позитивен став кон влијанието на работливоста врз личноста
- Создавање работни навики, иницијативност
- Создавање постепна независност не детето при самопослужувањето од било кој вид
- Развивање правилен став кон себе си и своите потреби, верба во своите можности, чувство на задоволство при завршена работа и сл.
- Овој аспект на воспитно-образовното дејствување ќе биде опфатена со задачите од годишното планирање, како и задачите и содржините за секоја тема посебно.

Согласно целите на воспитно-образовната работа улогата на воспитувачот во градинката се состои од:

- Следење на детскиот развој индивидуално;
- Почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно-образовната дејност (интегрирано);
- Мотивирање на децата за различните видови активности;

- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес, самовреднување и рефлексија;
- Водење досие на детето;
- Развивање елементарна способност за самовреднување кај децата;
- Градење партнерство со семејството;
- Соработка со училиштата и локалната самоуправа;
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;
- Реално планирање, усогласување со можностите, потребите, интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина;
- Тимско работење, соработка со стручни, научни и други институции во пошироката средина;
- Обезбедување стимулативна средина, позитивна социо-емоционална клима, нагледност и автентичност во воспитно-образованиот процес;
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализација на целите.

Во воспитната 2023/2024 година ќе се реализира следниот каталог на настани – месечно планирани по теми:

| **Месец** | **Тема** | **Очекувана ЦЕЛ** |
|---|---|---|
| **Септември** | **СЕПТЕМВРИ ВО ГРАДИНКА**<br>-Прв ден во градинка<br>-Ја сакам мојата Татковина<br>-Здравјето е многу важно<br>-Учиме за Бон-тон<br>-Натпреварувачки игри | - Поттикнување на свест за правилните навики во градинка.<br>-Поттикнување на патриотски чувства и љубов кон татковината.<br>-Поттикнување на здрави и еко навики.<br>-Поттикнување на користење на Бон-тон во секојдневието. |
| **Октомври/ Ноември** | **ГУШНИ ЈА ЕСЕНТА**<br>-Детска недела<br>-Во пресрет на 11 октомври<br>-Есента е убава<br>-Ден на здрава храна | -Запознавање со правта на децата<br>-Свесност за промените во природата<br>-Да се стекне со здрави навики во исхраната<br>-Стекнување навика за помагање на возрасните и |

| | | |
|---|---|---|
| | **-**Подготвуваме зимница | интеракција со нив |
| **Декември/ Јануари** | **ЗА ЗИМАТА СЕ ПЕЕ БЕЗ КРАЈ, А ЕЛКАТА СВЕТИ ВО СЈАЈ**<br>-Боите на зимата<br>-Дедо Мраз и неговата санка<br>-Новата година во мојот дом<br>-Зимски спортови<br>-Проектна активност | **-**Запознавање со промените во годишното време Зима<br>**-**Користење на различни ликовни материјали<br>**-**Запознавање со зимски спортови<br>**-**Украсување на занималната со новогодишни украси<br>**-**Учество во музички и драмски активности |
| **Февруари/ Март/ Април** | **СВЕТОТ ВО МЕНЕ И ОКОЛУ МЕНЕ ВО ПРОЛЕТ**<br>**-**Истражи ги своите осети<br>**-**Изразување на емоциите со бои<br>**-**Мојот дом<br>**-**Празник на сите мајки<br>**-**Добредојде пролет | -Свесност за своите сетила<br>-Емоционална писменост, искажување на емоциите<br>-Припадност во средина<br>-Креативност и соработка во изработка на честитки за празникот на мајката.<br>-Свесност за климатските промени со новото годишно време Пролет |
| **Мај/Јуни** | **КОГА ЌЕ ПОРАСНАМ ЈАС ЌЕ БИДАМ ...**<br>-Што е тоа што го имаме, а не го гледаме<br>-Јас сум мал пешак...<br>-Сакам да сум пилот или стјуардеса<br>-Ние сме весели морнари<br>-Лето иде какво ли ќе биде? | -Поттикнување на свесност за своето тело<br>-Да се развие свесност кај детето дека е дел од сообраќајот<br>-Поттикнување на желбата да има идна професија<br>-Поттикнување на детето за истражување на новото годишно време Лето |
| **Јули/Август** | **ЛЕТОТО Е ЗАБАВНО**<br>-Натпреварувачки игри<br>-Дидактички игри<br>-Ликовни игри<br>-Истражувачки игри | -Поттикнување на натпреварувачки дух кај детето<br>-Да се развие способност за прифаќање на правила во игра<br>-Да се развие способност за користење на различни ликовни материјали<br>-Да се поттикне способност кај детето за истажување и логичко размислување. |

*4.1. Здравје и моторен развој*

Здравјето и оспособување на децата за восприемање, обработка и организација на сетилните сензации се клучни фактори во процесот на растењето и развојот, којшто се одвива во текот на раниот период од животот. Растот и развојот кај децата е комплементарен процес. Развојот се однесува на промените што настануваат во степенот на комплексноста на извршување на одредени функции и стекнување на одредени вештини, каде постепено се оди од поедноставни кон посложени промени и совладување на нови вештини во движење на телото, во одржување на рамнотежата, во воспоставување контрола на делови од телото, како и зајакнување на сензомоторната координација.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст до 6 години и претставуваат основа за раниот развој и раното учење се:

- Физичка компетентност и добра физичка кондиција ;
- Активно учество на децата во животната околина која ги опкружува ;
- Способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

Доброто физичко здравје им дава на децата енергија и издржливост активно да учествуваат во процесот на учење. Избалансиран моторен развој е поврзан и директно влијае на другите развојни области, како што е развојот на говорот, когнитивниот и социо-емоционалниот развој.

Развојниот процес кај децата се одвива преку следните субдомени:

- Груб моторен развој со кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежата и координација на екстремитетите при одење, трчање, скокање, качување по скали.
- Фин моторен развој со кој децата постепено стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите во изведување на прецизни моторни активности (фаќање, пишување, закопчување, отварање, затворање, сечење)
- Здраво и безбедно однесување со кое децата започнуваат да разбираат како дневните активности и безбедните практики влијаат врз целокупното здравје (активности поврзани со лична хигиена, препознавање на штетни и опасни ситуации)
- Сензомоторен развој со кој децата го запознаваат светот околу нив преку своите сетила.

*4.2. Социо-емоционален развој*

По природа луѓето се социјални суштества и низ сите фази на животот тие воспоставуваат интеракциски односи со други луѓе. Токму така и децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив. Правилниот социо-емоционален развој на секое дете е значително поврзан со понатамошниот успех во животот и училиштето. Децата од најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, воспитувачите, врсниците и со др. возрасни лица. Квалитетот на овие социјални односи го поттикнува правилниот социо-емоционален развој на децата. Во текот на социо-емоционалниот развој, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во која растат и се развиваат.

Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот  игра значајна улога во промоцијата на здрав социо-емоционален живот. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционални вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на оваа развојна област го карактеризираат детето со способности да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување позитивни односи со околината.

Емоционалната компонента го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите.

Децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив преку социјални интеракции.

Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно однесување, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја изразуваат преку емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите.

Клучните вредности кои се очекуваат од децата во предучилишна возраст во социо-емоционалниот развој се:

- Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- Развивање на поим за себе;

- Способност за разбирање на сопствените емоции;
- Контрола на сопствените чувства;
- Позитивна емоционална состојба;
- Почит и разбирање на сличностите и различностите во заедницата;
- Развивање на социјални вештини во интеракција со врсниците и возрасните.

Во рамките на доменот социо-емоционален развој се издвојуваат два субдомена:
- Социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите кои што го опкружуваат и
- Емоционален развој со кој детето ја развива перцепцијата за себе и своите емоции.

*4.3 Пристап кон учењето*

Малите деца, по својата природа се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислен амбиент којшто ја поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето се клучните фактори кои го унапредуваат пристапот кон учењето на малите деца. Во тоа, секако примарна улога имаат професионалците вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство. Создавањето позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таков еден амбиент, децата развиваат позитивен пристап кон учењето кој е потребен за понатамошниот успех во училиште, но и за процесот на активно учење во текот на целиот живот.

Децата треба да бидат мотивирани да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини, бидејќи развивање и негување на овој домен остава белег на понатамошниот живот на секое дете.

Најважните вештини кои се развиваат во овој предучилишен период се:

- Поттикнување на љубопитноста и интересот кај децата преку учење на нови работи и стекнување нови искуства;
- Развивање на иницијативност;
- Стимулирање на упорност и истрајност во превземените активности;

- Развивање на креативност и инветивност и користење на истите во секојдневните активности
- Развивање на рефлексија и интерпретација, односно детето да може да учи на различни начини од сопствените искуства.

### *4.4. Јазик, комуникација и творештво*

Усвојувањето на јазикот и негово правилно користење е важно за успешно функционирање на секоја индивидуа во општеството. Развивање на јазичките способности се основа за развој на сопствениот идентитет.

Говорниот развој и правилното усвојување на јазикот се комплексни процеси кои започнуваат од раѓањето на детето и се условени од голем број фактори. Со усвојувањето на јазикот детето усвојува еден моќен и комлексен симболички систем, кој го развива и усовршува во текот на целиот живот.

Јазикот на децата им е потребен за да ги изразат своите мисли и чувства, но истовремено им е неопходен за да ги разберат и другите лица со кои секојдневно комуницираат.

Во предучилишниот период ставаме акцент на стимулација и развој на следните вештини:

- Доживување на статусот на македонскиот јазик како државен јазик;
- Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик;
- Правилно зборување и елоквенција;
- Збогатување на речникот;
- Развивање на комуникациски вештини;
- Создавање интерес кон печатени материјали;
- Препознавање на пишани симболи и букви;
- Изразување на своите идеи преку пишани симболи.

### *4.5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења*

Во предучилишниот период когнитивниот развој се однесува на стекнување на вештини за процена, критичност, решавање на проблеми, разбирање на правила и концепти, како и визуелизација на можностите и последиците.

Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како: истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање на информациите.

Децата не се разликуваат само по начинот на кој што ги стекнуваат општите знаења, туку и по начинот на кој што учат, помнат и разбираат. Токму затоа, во воспитно-образовниот процес посветуваме големо внимание на начинот на кој што децата ги стекнуваат знаењата.

Стимулацијата на когнитивниот развој е основа за успехот кој што децата ќе го постигнат во понатамошниот образовен процес. Когнитивниот развој не е изолиран процес, тој зависи од степенот на развој на останатите области, пред се моторниот и социо-емоционалниот развој.

Клучните вредности на кои што се посветува посебно внимание се:

- Способност на децата да размислуваат;
- Можност за стекнување и користење нови информации;
- Активно решавање на проблемите, во зависност од развојниот стадиум;
- Развивање на критичко мислење.

Развојниот процес во доменот на когнитивниот развој се одвива преку:

- Логика и размислување, односно способност да децата истражуваат и откриваат;
- Математика и броеви - преку развојот на математичките и нумеричките вештини се поттикнува развој на математичко изразување, развивање на логичко размислување и решавање на проблеми, знаење за количина, бројки и броење, како и способност за класификација и серијација.
- Наука-децата стекнуваат информации за средината преку набљудување и манипулација; ги набљудуваат и опишуваат карактеристиките на живиот свет и неживата природа.

- Уметност-уметничкото изразување е многу важна компонента во развојот на детската личност и детското искуство. Децата имаат можност на различни начини да ја развиваат својата фантазија и креативност и на тој начин учат како да ја изразат својата индивидуалност, своите интереси, способности и вештини. Тие на свој автентичен начин имаат можност да ги изразат своите чувства преку музика, театар, цртање, движење.

### *4.6.Креирање стимулативна средина за игра и учење*

Образованието во 21 век пред себе има поставено многу поинакви задачи од традиционалниот модел на образование и воспитание. Доколку го следиме когнитивниот развој на детето кој се однесува на стекнување на вештини, многу е важно воспитниот тим да создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствувааат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Воспитувачите треба да ја познаваат, разбираат и прифаќаат теоријата како децата до 6 годишна возраст учат низ игра. Кога воспитувачите ја прифаќаат и разбираат теоријата за детскиот развој, тогаш тие знаат дека децата имаат потреба на прилагодување на средината-околината за игра и учење, а со тоа всушност тие прават успешна стратегија за подобрување на индивидуалниот развој на секое дете.

Многу е важно да воспитниот тим создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствувааат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Во занималните во установата воспитно-образовната работа од областите социо-емоционален развој, моторички развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво, се реализираат во центри за активности. Центрите за активност претставуваат тематски структуриран простор во занималната кои на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите претставува таков вид на „учење“ кој им овозможува на децата да ги изразат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполни својата суштинска улога која се состои во давање помош и координација на играта. Овој начин на игра и учење им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини надминувајќи ги притоа конфликните

ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања или интереси. Бројот на центрите за активност е менлив. Истиот варира и се прилагодува на потребите на програмата, интересите на децата како и воспитно-образовните цели кои се поставени за реализација.

#### 4.6.1 Литературен центар

Литературниот центар содржи сликовници, книги, списанија, разновидна детска литература и во него се планираат активности за слушање, читање и разгледување. Истите се подредени во посебни полички, лесно достапни за децата. Овој простор е тивок и во него децата можат да го разгледуваат сето она што го привлекува нивното внимание. За попријатен престој во литературниот центар во иднина ќе набавиме перничиња, фотељи или друг комфорен мебел.

#### 4.6.2 Математички центар

Активностите во ова катче им помагаат на децата да ги развијат своите сознајни и интелектуални способности.

Овој простор содржи игри коишто ќе им помогнат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да класифицираат како и да вежбаат примена на математичка терминологија. Кога децата ги делат и позајмуваат дрвените форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите тогаш децата ги развиваат  и своите социјални вештини. Планирана е набавка на математички логички плочки , сметалки и слично.

#### 4.6.3 Центар за игра со конструктивен материјал

Во конструктивниот центар се наоѓа разновиден градежен и конструктивен материја и во него доаѓа до израз љубопитноста, креативноста и иницијативноста на децата, што се согледува преку се она што децата успеваат да го искреираат и да го направат.

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите сознајани функции, крупна и фина моторика, визио-моторна координација и практичните вештини. Играјќи со дрвени форми децата решаваат проблем ситуации и ги развиваа своите социјални вештини.

**4.6.4 Научно истражувачки центар**

Научно истажувачкото катче е местото каде што децата ќе ги изведуваат своите експерименти и истражувања, место каде што децата тргнуваат во научно истражување. Децата можат да истражуваат за се она што ги опкружува, но доста често се мотивирани да истражуваат и за теми кои се атрактивни и несекојдневни за нив. Активностите испланирани за научно-истражувачкиот центар често се изведуваат и надвор од занималната, кога децата се упатуваат на истражување и набљудување во непосредната околина.

**4.6.5 Уметнички центар**

Овој простор го поттикнува креативното размислување и изразување, во него се развиваат способностите за ликовно изразување, разрешување проблеми, комуницирање (вербално и невербално), самопочитување, се развиваат ситните и крупни мускулни движења и интелектуалните способности.

Овој центар секогаш е активен дел од занималната  затоа што истиот ги поттикнува децата да ја развиваат и истражуваат сопствената креативност, да се забавуваат со нови материјали и да доживуваат нови сетилни искуства. И оваа година центрите ќе бидат збогатени со нови потрошни, природни и други материјали што лесно можат да се најдат во непосредната околина. Уметничките центри содржат и дополнителни упатства за користење на различни средства и материјали при изработка на цртежи, слики, колажи и други изработки преку кои деца можат да ја изразат својата креативна моќ и фантазија.

**4.6.6 Центар за игри со улоги, драматизација и куклени претстави**

Овој центар е исклучително важен за децата од предучилишна возраст. Воспитниот тим ги , она што го гледаат во својот живот, што ќе им помогне да го разберат светот околу нив. Во склоп на овој центар , функционира и куклен театар , кој е изработен од рацете на вработените во установата.

**4.6.7 Центар за изложување детски творби**

Материјалите за учење стимулираат активно и конкретно истражување, при што ќе доминира методот на игра. Во центарот има соодветни материјали што одговараат на индивидуалните потреби и стилови на учење. Изложените изработки на децата во

просторијата за учење се менуваат често. Во истите се изложуваат изработки во кои може да се види како се одвива процесот на учење.

## *4.7. Играта како основна активност во градинка*

Играта е најзачајното искуство на секое дете. Таа е двигатор на флексибилноста која му овозможува на детето да замисли и врз снова на таа замисла да се менува себеси и сопственото опкружување.Токму во замисленото можно лежи промената на општествените можности, откритија, напредокот. Во играта детето:

- создава нов контекст за употреба на предметите, зборовите и поимите;
- истражува алтернативи што предметите, зборовите, поимите, може да претставуваат; решава проблеми и воочува нови врски и односи, експериментира
- таа претставува ново искуство каде што преку симболи како што се имитацијата, влегување во улога, цртање, правење на модели, танц, говор..
- го поврзува реалното со замисленото
- во играта детето самостојно одлучува и се поврзува со другите , ги истражува своите физички можности, се идентификува со јунаците, гради и прифаќа правила, се гледа себе си како моќно и делотворно
- соработува, разменува идеи, коментари, пеговара, заедно делува со другите во /на развојот и одржувањето на играта, се усогласува со правилата, се поврзува на креативен начин со околината

Децата умеат да иницираат игра и да играат заедно и без помош на возрасните. Но, наша задача е да ја поддржиме и култивираме истата - да поттикнеме близина и взаемност помеѓу децата, обезбедиме мотивирачка и безбедна средина преку:

- организирање на внатрешниот и надворешниот простор
- обезбедување на материјали за игра и постојана достапност на истите
- обезбедување доволно време за игра
- поттикнување на соработката и договарање кај децата
- заштита на децата од повреди во играта и помош на некои деца да се вклучат во играта

Воспитно – образовната програма односно дневните теми ќе ги реализираме преку следните игри и игровни активности:

- функционални игри – кои се состојат во често повторување на дејствија кои ангажираат одредени поведенија (фаќање на предмети со врвот на прстите, испуштање, разгледување предмети во различни бои..)
- експлоративни игри - манипулативни игри со предмети (вртење и разгледување на предметот, тропање и сл.)
- симболички игри – имитативни игри или игри на претставување (хранење на други лица, ставање на куклата да спие ..)
- драмски игри – поврзување на неколку игровни дејствија во мала приказна (за реализација на драмските игри, потребно е доопремување со куклени катчиња, подвижни куклени театри, детски медицински играчки, медицински униформи, ташнички и сл.)
- конструктивни игри – градење на кула од коцки, мост, воз, моделирање со пластелин, игри со песок и вода, игри со хартија, ткаење, лепење, кинење, лепење и сл.
- игри на улоги – детето влегува во улога на мајка, учителка, доктор (за рализација на оваа игра, потребно е набавка на гиноли и мажоретки за целосно внесување на детето во игратра на улоги)
- дидактички игри – со кои се поттикнува интелектуалниот развој и социјализација на детето. Тие имаат за цел развивање на перцепција, развивање на говорот кај детето и сл. Овие игри имаат елемент на учење и може да бидат осмислени од страна на самиот воспитувач.
- традиционални игри – игри кои се интегрален дел на народната култура (заспивалки, бајалки, рими, бројалки, традиционални танци и игри...)

## 5. Здравствена дејност

Вклучување на децата во колективен живот, надвор од нивната семејна средина, во најосетливиот период од нивниот живот, подразбира и адекватна здравствена заштита. На оваа возраст децата се особено осетливи, па нивниот развиток во голема мера зависи од нивна правилна заштита, од влијанија на надворешната средина, правилна исхрана и здрава социјална и емотивна средина.

Во согласност со целите и задачите кои ги предвидува Програмата во текот на годината, здравствената заштита ќе се остварува во предвидените насоки, со цел создавање на оптимални здравствени и хигиенски услови. Во тие услови првенствено спаѓаат:

-соодветни санитарни и хигиенско-технички услови на објектите и инвентарот;
-правилна и редовна исхрана адаптирана на возрасните потреби на децата;
-здрав и организиран дневен распоред на игрите, активностите и одморот на децата;
-често и правилно користење на природните фактори;
-формирање на хигиенски и здравствени навики кај децата;
-систематска воспитно-образовна работа со децата која ќе овозможи тие самите да се запазуваат од незгоди, загадувања и т.н.

Особено значајни мерки кои ќе се превземат се мерките за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а во тој контекст е и редовно проветрување, адекватно и навремено затоплување.

Истакнувајќи го значењето на здравствената состојба на вработените, ќе се организираат и редовните систематски прегледи. Особено, ќе се внимава на правилниот начин на чување и дистрибуирање на прехранбените производи, овошјето и зеленчукот по објектите. Најважен критериум за продуктите е нивниот висок квалитет како и предвидување на потребни количини со што би се зачувал и нивниот квалитет.

Контрола на горенаведеното во текот на годината ќе биде реализирана од страна на на Заводот за здравствена заштита - Велес, Државен санитарен и здравствен инспекторат и Агенција за храна и ветерина, што е неминовно за давање на стручна оценка за хигиената.

Континуирано ќе се вршат месечни антропометриски мерења на децата, со што ќе се следи растот и развојот. Добиените резултати од мерењата ќе се внесуваат во табели со цел

поголем преглед на физичкиот раст и развој во висина и тежина на децата додека престојувале во градинка. Истите резултати ќе бидат истакнувани на огласните табли со цел да бидат информирани и родителите за физичкото напредување на децата.

Примарна компонента во делот на здравствената заштита е и физичкото воспитание, па затоа доминантно место во реализирањето ќе им дадеме на овој вид на активности. Физичкото воспитание ќе биде прилагодено кон возраста и физичките способности на децата и позитивно ќе влијаат врз правилниот раст и развој на организмот.

Особено значаен фактор при заштита на здравјето на децата е квалитетната храна. За храната особено е значаен начинот на подготвувањето, затоа главната кујна е современо опремена по предвидените ХАСАП норми. Листата на јадењата ќе коренсподира со критериумите и насоките од страна на МТСП. Истата ќе се изготвува еднаш месечно или еднаш на два месеци со цел да се искористат сезонските продукти за готвење или продуктите кои се конзумираат свежи. Листата ќе ја подготвува и редовно ќе ја следи Комисијата за изготвување на листа на јадење.

Постојано ќе се следи психофизичкиот развој на децата и во таа насока се води уредна документација во форма на досие за секое дете.

Во делот на навремено откривање на извесни симптоми на одредени болести кај децата додека престојуваат во градинка, се предвидуваат навремената имунизација, секојдневна тријажа при доаѓање на детето во групата и негова брза изолација до доаѓањето на родителот.

Следењето на здравствената состојба на забите ќе биде проследено од детските стоматолози кои навремено ќе ги упатат родителите доколку има потреба од натамошно лекување на забчињата.

Ќе се приклучиме кон Програмата на Акциониот план од координативното тело за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0-14 годишна возраст во Р.Македонија за периодот од 2018-2028 годинс. Истата се спроведува од страна на одделот за превентивна детска стоматологија при ЈЗУ Здравствен дом преку систематски прегледи и едукативни предавања низ следните темите:

1. Градба и функција на орална празнина;

2. Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери;
3. Правилна орална хигиена;
4. Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели.

Имено, сите овие мерки укажуваат на фактот дека здравствената заштита ќе биде примарно јадро во работата на Установата.

## 6. Јавна и културна дејност

Со цел кај децата да се развие навика за следење и учество на културни манифестации, спортско рекреативни настани и подобрување на културно забавниот живот во текот на целата година ќе организираме и како установа ќе учествуваме на манифестации кои ќе бидат организирани од локалната самоуправа и од други институции и организации.

Во зависност од степенот на развиеноста на средината и предучилишната организација јавната и културна дејност на Установата се реализира преку:

1. Приредби - интерни во објектите и јавни настапи;
2. Учество на манифестации од општинско или републичко ниво;
3. Посети и средби;
4. Излети;
5. Гостувања.

Програмата за културна и јавна дејност се реализира според календарот за празници на СМР објавена на страницата на МТСП, содржините на воспитно-образовната програма за локални и традиционални празници е предвидена во месечниот план на темите, исто така предвидено е обележување на настани од еколошкиот календар.

Планираните активности во рамките на јавната и културната дејност ќе се реализираат на ниво на група и на ниво на градинка.

Оваа година ги планираме следните активности:

***Септември***

- Добро дојдовте во градинка - одбележување на почетокот на учебната година
- 8 ми септември-ден на независноста на Р.С.Македонија
- 9 ти септември – Ден на бабите и дедовците (традиционални игри)
- 20 ти септември – Ден на пензионерите
- 22 ри септември – Ден без автомобили
- 12 ти септември – "Здрави заби" - ден на забите
- 28 ми септември – „Љубов за сите" ден на срцето

***Октомври***

- Детска недела
- Ги сакаме животните" (одбележување на светскиот ден за заштита на животните - 4 Октомври)
- 05 ти октомври- Светски ден на учителот
- 11 ти Октомври – Ден на Народно востание на македонскиот народ
- 15ти октомври -Светски ден на миење раце и на пешачењето;
- 16ти октомври- Ден на здравата исхрана;
- одбележување на празниците 11ти и 23ти октомври
- 20 октомври ден на јаболкото
- 28 октомври ден на цртаните филмови
- 31ви октомври- Светски ден на штедењето

***Ноември***

- 14ти ноември -светски ден на љубезноста
- Мојата омилена книга (одбележување на 15 Ноември-Ден на книгата)
- Испраќање на есента /цртежи, приредби/
- Овошковци и зеленчуковци во нашата градинка (одбележување на деновите на овошјето и зеленчукот

***Декември***

- Одбележување на меѓународениот ден на лицата со посебни потреби 3ти декември
- 8 ми Декември- СВ.„Климент Охридски„

- 15ти декември – светски ден на чајот
- Новогодишна претстава во соработка со „АРТ КУЛТ –УРА„- Скопје „Новогодишна сказна„
- Новогодишни празнувања
- Новогодишна работилница
- Новогодишен Базар

***Јануари***

- одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашите празници: Коледе,Бадник,Божик,Василица,Водици
- 18ти јануари– светски ден на снешкото
- 26ти јануари светски ден на образованието за заштита на животната средина

***Февруари***

- 01 ви февруари- светски ден на читањето на глас
- 11 февруари – ден на болните
- 20ти февруари – светски ден љубов кон миленикот
- 21ви февруари-меѓународен ден на мајчиниот јазик

***Март***

- 1ви март – Мартинки
- 2ри март – светски ден на книгата
- 8ми март- денот на жената
- 18ти март – светски ден на раскажувањето
- Среќа е...“ 20 март – ден на среќата и поезијата
- 21ви март – ден на пролетта денови на Екологијата Земја преку еко активности ( чистење на дворот на градинката, засадување на цветни насади, сеење на семе во зеленчуковата градина, поставување на еко пораки во дворот на градинката)
- 21ви март - Светски ден на лицата со Даунов синдром
- „Еколошка Сказна „- во соработка со „АРТ КУЛТ – УРА„
- 22ри март –Меѓународен ден на водата
- 27ми март – светски ден на театарот
- Прочка ( си простуваме и на секого убав збор му даруваме)

***Април***

- 1ви април ден на шегата - Априлијада – дефиле со костими
- 2ри април Меѓународен ден на лицата со Аутизам
- 7ми април ден на здравјето
- 22ри април ден на планетата Земја
- Велигденски работилници
- Велигденски Базар
- 29ти април -светски ден на танцот

***Мај***

- Одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашиот наголем Христјански празник : Велигден
- 3ти мај - Ден на сонцето
- 5 ти мај –Ден на Македонската азбука
- 7ми мај – Ден на македонската полиција
- 15ти мај - Меѓународен ден на семејството
- 20ти мај – Ден на македонските пожарникари
- 24ти мај - Ден на Македонските Просветители „Кирил и Методи„
- Пеперутка шарена (креативна работилница) 28 мај – ден на пеперутките
- завршна приредба Збогум градинке

***Јуни/Јули/Август***

- 1ви јуни – меѓународен ден на детето
- 8ми јуни – светски ден на најдобри другари
- Кој живее во морето"-одбележување на Денот на океаните и морињата -8 Јуни
- 15ти јуни -меѓународен ден на таткото
- 24ти јуни – ден на штрковите
- Се грижам за мојата околина"-одбележување на Денот на заштита на природата -28.Јуни
- 21 Август – Ден на Општина Чашка
- Реализација на летна рекреативна програма:
    - игри со песок и вода
    - рекреативни игри во дворот
    - креативни работилници со летни мотиви

Во текот на годината децата ќе учествуваат на конкурси за ликовно творештво на разни теми, ќе учествуваат во манифестации во организација на институции блиски на дејноста, ќе се реализираат еко акции и еко кампањи како дел од еко програмата на градинката .

Министерот за труд и социјална политика во согласност со Законот за празници на Република Северна Македонија во Службен весник ја објавува Програмата за неработни денови. Планирањето на активностите и содржините кои се реализираат во градинката ќе се водат врз основа на календарот за работа, со што истовремено ќе ги одбележиме и значајните датуми. Одбележувањето се организира со уредување на просторот во градинката во знакот на празникот, огласни табли, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности и слично.

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) во 2023/2024 година неработни денови се:

• 08 септември ( Петок), Ден на независноста;

• 11 октомври (среда), Ден на народното востание;

• 23 Октомври (понеделник), Ден на Македонската револуционерна борба;

• 08 Декември ( петок), „ Св. Климент Охридски“ ;

• 01 Јануари ( понеделник), Нова година;

• 06 Јануари ( сабота), Бадник;

• 07 Јануари , Божиќ,( недела- понеделник);

• 01 Мај ( среда), Ден на трудот;

• 24 Мај ( петок) Св. Кирил и Методиј- Ден на словенските просветители;

• 2 Август ( петок) Ден на Републиката;

• Богојавление, Велигден, Духовден, Рамазан Бајрам и Успение на Пресвета Богородица како неработните денови ќе се утврдат Согласно со Програмата за неработни денови на Република Северна Македонија за 2023/24 година.

## *6.1 Еколошки календар*

- 5 март Светски ден за заштеда на енергија
- 22 март Светски ден за заштеда на водите
- 7 април Светски ден на здравјето
- 22 април Светски ден на планетата
- 15 мај Светски ден за заштита на климата
- 31 мај Светски ден против пушењето
- 5 јуни Светски ден за заштита на животната средина
- 16 септември Светски ден за заштита на озонската обвивка
- 22 септември Меѓународен ден без автомобили
- 08 октомври Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
- 15 октомври Меѓународен ден на пешаците
- 16 октомври Меѓународен ден на храната

Сите одбележувања на светски денови и останати празници кои ќе бидат реализирани по месеци ќе бидат детално евидентирани, опфатени во месечните планирања во градинката. Истите ќе се евидентираат во педагошката евиденција на воспитно образовниот кадар.

# 7. Соработка со општествената средина

### *7.1. Соработка со локалната и општествената заедница*

Установата, во текот на своето работење, градејќи квалитет ја отвара вратата за секаков вид соработка која ќе допринесе за подобрување на истиот, имено и натаму ќе продолжи да соработува со установите и институции на локално и државно ниво:

- Министерство за труд и социјална политика;
- Локална самоуправа;
- Биро за развој на образование;
- Детски градинки од други градови;
- Општински основни и средни училишта;
- Центар за социјална работа - Велес ;
- Дневен Центар за лица со посебни потреби - Чашка ;
- Невладини организации;

- Јавно-културни установи (Библиотека, Театар, Музеј) ;
- Здравствен Дом ;
- Медиуми и др.

Соработката со предучилишните установи од другите градови е особено значајна бидејќи преку размената на искуствата, ја надградуваме и усовршуваме нашата работа, а и оваа година соработката ќе ја продолжиме преку проекти со предучилишни установи од други држави во контекст на воведувањето на нови програми за работа.

*7.2. Соработка со семејството*

Соработката со родителите започнува уште со уписот на дете во градинка. Родителите и градинката веќе тогаш започнуваат да разменуваат важни информации важни за исполнување на потребите на детето, за навиките и претходните искуства со градинката.

Соработката на детската градинка со родителите и квалитетната комуникација на релација воспитувач-родител е еден од основните фактори насочени кон обезбедување на правилен и оптимален развој и учење на детето. Во реализацијата на целите, содржините и активностите на оваа програма предвидени во рамките на секој аспект од развојот на детето треба да се обезбеди:

-Поттикнување на родителите за учество во креирањето на годишната програма за работа на детската градинка;

-Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во подготовката на воспитно-образовниот процес (договори за реализација на одредени теми, изработка на дидактички средства и материјали за реализација на воспитно-образовната активност и сл.)

-Поддршка на родителите за учество во реализација на дел од планираните содржини;

-Вклучување на родителите за учество во работилници во врска со различни поводи и празници;

Детската градинка како ресурсен центар е подготвена и отворена за едукација и поддршка на родителите.

### 7.2.1. Партнерски односи на соработката

Воспитно-згрижувачкиот тим и родителите кои се активно вклучени во градинката мора да работат поврзано со цел меѓу себе да изградат кооперативен однос. Фокусот на ова партнерство е концентриран на децата и нивниот иден развој.

Бројни се ефектите од воспоставувањето партнерски односи помеѓу градинката и семејството. Корист од овој начин на соработка имаат сите учесници вклучени во воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес.

Корист за децата:

- континуитет на семејниот и градинскиот живот;
- полесна адаптација на новите животни услови и подобро прифаќање на градинката;
- зголемување на чувството на сигурност и себепочитување;
- зголемување на можноста за користење на индивидуализиран пристап во воспитно-образовниот процес;
- подобро разбирање на авторитетот и почитување на возрасните.

Корист за родителите:

- подобро запознавање на сопственото дете надвор од семејството;
- стекнување на нови вештини за подобро родителство;
- ефикасно реагирање при можни проблеми со детето;
- лична сатисфакција - манифестирање на сопствените способности;
- континуирано следење на напредокот на сопственото дете;
- задоволство од достигнувањата и постигнатиот успех на детето;
- подобро разбирање на сопствените права и одговорности;
- чувство на поддршка од страна на градинката и другите родители.

Корист за воспитно-згрижувачкиот тим:

- подобро запознавање на децата, нивните потреби, интереси, систем на вредности и култура;

- поддршка, разбирање и почитување од страна на родителите;
- подобро и побрзо дијагностицирање на проблемите кај децата;
- интеграција на хоби, таленти, знаења и умеења кај родителите;
- стекнување нови комуникациски вештини;
- пропорционален однос на релација дете-возрасен;
- изедначување на воспитни модели;
- поголема професионалност во работата;

#### 7.2.2. Форми на соработка со семејствата

Воспоставувањето на партнерски односи помеѓу градинката и семејството е долготраен процес како за воспитувачите/негувателите така и за родителите. Од тие причини многу е важно при градењето на партнерството на располагање да се имаат и користат различни форми на комуникација.

Дневната комуникација се реализира преку секојдневните контакти со родителите при приемот и испраќањето на децата  и се однесува на потребите, интересите на децата и други важни информации.

Родителски средби и разговори со родителите (индивидуални, мали групи и заеднички).

Во пишана комуникација влегуваат брошури, каталози, програми, огласни табли, пишувани пораки, писмени извештаи и портфолија. Во последните години на родителите се по достапна им е и интернет комуникацијата преку фејсбук фан страна Детска градинка Бамби .

Непосредна комуникација со родителите се реализира при секојдневните посети во градинката, заедничките настани , индивидуални и телефонски разговори.

Непосредно учество на родителите како форма е исто така присутна. Родителите можат да бидат соработници на различни нивоа и во различни улоги.

Воспоставената соработка со родителите е важно да биде постојана и квалитетна. Меѓусебната комуникација мора да биде отворена и спонтана, а тоа значи почитување на идеите, сугестиите и ставовите на родителите.

## 8. Проекти и проектни активности

Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите компоненти на детскиот развој да им го поттикнат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и проширување на детските сознанија.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во преучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишна возраст.

Знаејќи дека тоа е и најуспешниот начин на учење, стручниот тим прилагодува материјали и средства кои на најдобар начин ќе одговорат на детските желби и интереси. Токму од таа причина во современата воспитно-образовна пракса водени од претходното позитивно искуство ќе продолжиме со работа на проектни активности.

Предлог за проекти за оваа година произлезе од интересот на воспитно-згрижувачкиот персонал и децата како и од желбата да се осознае нешто ново и повеќе за областа која до сега не се истражувани. Донесена е одлука оваа година во рамките на Установата да се реализираат следните проектни активности и тоа:

1. **Проект „Неверојатно патување во вселената”**
2. **Проект ”Мали извидници”**
3. **Проект ”ЕКО Проект – РЕдуцирај, РЕциклирај, РЕупотреби”**

## 9. Факултативни програми во Установата

Согласно интересите на децата и родителите Установата е отворена во иднина да се организираат факултативни програми.

Со оглед на тоа дека факултативните активности во нашата установа би се организирале од страна на надворешни соработници, истите оваа година ќе се реализираат по претходно добиена дозвола од страна на МТСП.

## 10. Следење и унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната работа

Унапредувањето и следењето на згрижувачката и воспитно-образовната работа во детската градинка БАМБИ ќе се реализира преку планот и програмата за работа на:

- Стручен совет
- Совет на воспитувачки
- Совет на негувателки
- Директор

### *10.1. Стручен совет*

Стручниот совет го сочинуваат вработните кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот. Со стручниот совет раководи директорот. Стручниот совет:

- Утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа;
- Дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа;
- Учествува во формирање на воспитно-образовни групи;
- Учествува во изготвување на годишна програма на установата;
- Разгледува актуелна стручна литература;
- Разгледување и усвојување на новини во работата;

- Решавање прашања од витално значење за установата;
- Именува и разрешува претставник на јавната установа за деца во управниот одбор на јавната установа за деца од редот на вработените кои вршат стручни работи и
- Врши и други работи утврдени со статут.

Стручниот совет во периодот што следува ќе разгледува документи од областа на дејноста: Годишна програма, Годишен извештај и полугодишен осврт на воспитно-образовната работа, а ќе се договара и за конкретни активности.

На советот се планираат актуелни теми важни за квалитетно и професионално работење, теми кои се во чекор со современите стандарди во предучилишното воспитание и згрижување на децата и со Програмата за рано учење и развој. Во оваа година ќе се реализираат интерни обуки, обуки од надворешни обучувачи, посета на семинари и работилници во зависност од потребите на установата и интересот на вработените.

## *10.2. Совет на воспитувачи*

Стручен орган на градинката претставува советот на воспитувачи и со него раководи директорот. Советот на воспитувачи го сочинуваа сите воспитувачите на градинката кои се носители на дејноста на установата. Во текот на годината советот на воспитувачи ќе реализира редовни средби на кои ќе се договара за реализацијата на воспитно-образовната програма и ќе се разгледуваат прашања од различни области кои произлегуваат од спецификата на работа но и од моментално актуелни проблеми.

Советот на воспитувачи ги реализира следните активности:

- Го усогласува работењето на воспитувачите во детската градинка;
- Прави избор на содржини за работа согласно програмата за работа;
- Ја реализира програмата за стручно усовршување;
- Учествува во планирање и реализирање на програмите за работа;
- Соработува со Советот на родители и Советот на негуватели;
- Едукација за имплементација на програмата за работа, за водење на педагошка евиденција како дневник за работа во група, глобално, тематско и дневно планирање, водење на досие за детето

- Организирање на родителски средби и работилници по одредени теми важни за развојот на детето.

- Изготвување и реализирање на план на активностите кои ќе се реализираат по повод одбележување на Недела на детето и други позначајни датуми

- Планирање и реализација на културно-забавниот живот, приредби, прослави и манифестации

- Организација на натпреварувачки игри, заеднички игри на родителите, децата и воспитно-згрижувачкиот кадар

- Проценка на степенот на реализација на содржините од воспитно-образовната работа

- Работни средби со воспитно-образовните тимови на ниво на повеќе градови

- Врши други работи кои произлегуваат од реализирањето на плановите и програмите за остварување на дејноста.

## *10.3. Совет на негователи*

Советот на негователи го сочинуваат вработените негователки во установата и со него раководи директорот на градинката. Во текот на годината ќе разгледува и ќе решава прашања од згрижувачко-воспитен и превентивно-здравствен карактер. Активности кои ги извршува Советот на негувателки во текот на годината ќе бидат:

- Го усогласува работењето на негувателите во установата;

- Ја реализира програмата за стручно усовршување на негувателите во установата;

- Разгледува содржини за работа согласно програмата за работа;

- Соработува со стручниот совет, советот на воспитувачи и советот на родители.

- унапредување на згрижувачко-воспитната дејност преку водење евиденција за грижа за децата ,задолжително дневно планирање на слободните активности, во корелација со насочените активности или според интересите на децата , а сé во насока на достигнување на развојот на одреден стандард од одреден домен

- грижа и превентивно здравствено делување кај децата

- правилната исхрана - значаен фактор за правилен развој на децата

- правилно држење на телото (откривање и укажување на стручните служби и родителите при детектирање на некои неправилности)

- санитарно-хигиенски услови во објектите (занималните)

- присуство на едукативни работилници, семинари и имплементација на стекнатите знаења

- естетско уредување на просторот во и пред занималната.

# 11. Програма за работа на директорот на Установата

Со јавната установа за деца раководи директор на Установата. При организацијата и раководењето со работата, директорот самостојно донесува одлуки од делокругот на неговите надлежности и актите на установата, ја застапува Установата пред трети лица и е одговорен за законитоста при работењето. Согласно Закон за заштита на децата и Статутот на ЈОУДДГ “Бамби” населба Чашка, Општина Чашка заведен под број 01-1/5 од 08.01.2021год., директорот :

- ја предлага Годишната програма и предлага мерки за нејзина реализација;
- ги извршува одлуките на управниот одбор;
- поднесува Извештај за реализација на Годишната програма за работа до управниот одбор, основачот и министерството;
- одлучува за засновање и престанок на работен однос, врши распоредување на работниците, раководи со стручниот совет, одобрува отсуство и врши други активности согласно Закон, Статут, општи акти и колективен договор;
- врши и други работи предвидени со Закон, Статут и други акти на установата.

## *11.1. Предмет и содржина на Планот и Програмата на директорот*

Предметот и содржината на Планот и Програмата на директорот опфаќаат повеќе подрачја:

1. **Концепциско програмско подрачје**

• Подготвување на годишна програма за 2023/24 година и Извештај од работата за 2022/23 година за работа на детската градинка;

• Континуирано следење и координирање на работата на установата во целост - спроведувањето на одлуките на Управниот одбор, Советот на родители, соработката со органите и телата на локалната самоуправа и Министерството за

труд и социјална политика создавање на услови за стручно усовршување на вработените;

• Учество во изготвување на Финансиски план и Финансиски извештај и предлагање до Управниот одбор, Советот на општина, МТСП;

• Подготвување на план за работа и распоред на работно време на вработените;

• Редовно учество на управен одбор и останатите тела на установата за информирање на текот на работата на установата;

• Редовно учество на Советот на Општина Чашка и образложување на потребата за согласност на дадените предлози за работа кои се неопходни за остварување на дејноста на установата;

• Активностите на директорот ќе бидат насочени кон подобрување на условите за работа, изнаоѓање на идејни решенија за прифаќање на поголем опфат на деца, нови вработувања, обезбедување на подобри услови за престој и анимација на децата;

• Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка во градот;

• Создавање услови и материјални средства за реализирање на програмата за тековно и инвестиционо одржување;

## 2. Педагошко-инструктивна работа

Се врши тимски заедно со стручните работници а, во соработка со МТСП, Биро за развој на образованието и други релевантни институции.

• Ги формира работните групи со насоки за изготвување на годишна програма за работа;

• Ги следи и насочува негувателите, воспитувачите, стручните работници и соработници во воспитно-образовната и згрижувачка дејност, за што предлага мерки за нивно унапредување;

• Одржува консултации и предлози со вработените со цел на унапредување на дејноста;

• Го организира објектот во поглед на хигиенко-техничките услови;

• Спроведување на здравствената заштита, исхраната и културната дејност според насоките и нормативите од надлежните институции;

• Формирање на воспитните групи и распоредување на вработените и другите тела во градинката;

• Креирање на листата за јадење според стандардите и нормативите согласно закон;

• Го изготвува планот и реализацијата за јавни набавки во установата;

• Учество и анализа во финансиското и материјално работење;

**3. Стручно педагошко-психолошко усовршување на кадарот**

• Обезбедување на стручно усовршување на воспитниот и стручен персонал преку учество на семинари, обуки, советувања, симпозиум и сл;

• Постојано зголемување на стручна литература ;

•Лично усовршување и активно учество на семинари, обуки, советувања, симпозиум и сл;

**4. Работа со кадарот**

• Ќе настојува одговорно извршување на работните задачи од целокупниот персонал со цел на реализација на програмата за работа на градинката;

• Советодавна работа со воспитно-згрижувачкиот кадар;

• Меѓусебна почит и тимско работење;

• Упатства и насоки за работа со деца во група;

• Обезбедување на дидактичко наставни помагала за реализација програмата за ран детски развој преку активности со децата;

•Непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвидени со закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во Установата

•Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања, права и одговорности на вработените

• За потребите на усовршување на воспитно-образовната дејност и унапредување на дејноста, установата располага со библиотичен фонд со стручна литература за деца на предшколска возраст. Стручната литература е со современ тренд и новитети од педагошкиот пристап на работа со деца. Книгите се планираат да се зголемуваат постојано;

• Акцентирање на односот на воспитувач-дете-родител, негoвател-дете-родител да се извршува на високо професионално ниво, со цел на создавање на меѓусебна доверба и задоволство за дадената услуга;

• Насоки и совети за водење на педагошката документација

5. **Работа со стручни органи во установата**

• Во својата работа подготвува план и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негуватели:

• Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;

• Следење, евалуација и насоки на работата во објектите и стручна поддршка;

6. **Аналитичко студиски работи**

• Анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на детска градинка;

• Преглед на месечен, тромесечен и годишен план за реализирање на програмата;

• Поготвување на извештаи за реализирање на програмата за згрижување и воспитно-образовната дејност од активностите спроведени со децата од областа на екологија, културно-хигиенски навики и воспитание и образование;

• Анализа на присутност на деца, следење на листата на чекање и запишување на деца;

• Следење и анализа на потрошувачката на исхрана на дневно и месечно ниво;

• Следење на стручно усовршување на воспитниот кадар, како и насоки за нивно вклучување за аналитичко студиска работа;

7. **Соработка со родителите**

• Вклучување на родителите во органот на управување;

• Планирање на родителски средби со родителите;

•Планирање на денови за средба со родителите преку отворен ден

•Вклучување на родителите во советодавна работа, проектни активности, работилници, панаѓур, спонзорства, донации;

• Соработка со родителите преку работилници и средби каде можат да ги дадат своите предлози, прашања и идеи за подобрување на работата на градинката;

8. **Соработка со институции**

• Општина Чашка;

• Министерство за труд и социјална политика;

• Биро за развој на образованието;
•Министерство за образование – Просветен инспекторат;
•Факултетот за педагогија и психологија;
•Републичкиот и градскиот совет за грижи и воспитување на децата;
• Соработка со Македонска Национална Агенција за европски образовни програми
•Предучилишните установи;
• Основните училишта;
•Центар за јавно здравје
•Фондации, спортски, здравствени, културни, научни и други институции блиски на дејноста;

## 12.Заклучок

Наш приоритет и оваа работна година е промовирањето на добросостојбата кај децата, што впрочем е и генерална цел на образованието, а е во насока на актуелизирање на нивниот целосен потенцијал. Детската индивидуалност, нивните права и потреби се основа во работењето со децата.

И оваа година, нашата програма е одраз на верувањата дека:

-Сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозна припадност, социоекономските и културолошки разлики, како и различните и посебни потреби имаат право на влез во образовниот систем

-Сите деца може да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учење а се во согласност со нивната возраст и социокултуролошки карактеристики

-Физичката средина директно влијае на добросостојбата, учењето и развојот на детето. Таа е составен дел од нашата програма и истата се осмислува во склад со концепцијата на програмата и интересите и потребите на децата

-Силно ја поддржуваме детската игра. Таа е природен начин на интеракција на детето со другите деца, со возрасните и опкружувањето. Играта е средиште на детската добросостојба и инструмент за учење.

-Родителите и семејствата се примарни воспитувачи на децата и имаат најважна улога во промоција на нивната добросостојба, учење и развој. Нашата соработка со нив се базира на принцип на партнерство.

-Детето го осознава светот како целина па одтаму доминантен пристап во работата е холистичкиот

-Како градинка постојано се движиме кон нашите следни чекори, учиме и растеме, континуирано се едуцираме за подобро да ги поддржиме нашите деца и нивната добросостојба

Ние сме подготвени да ги задоволиме различните потреби за учење и развој на децата.

Нашата мисија: „ Да бидеме сигурна средина која секојдневно обезбедува згрижување, нега и воспитување подеднакво за сите деца под нашиот кров. Стекнуваме нови знаење, ја поттикнуваме креативноста, го охрабруваме критичкото размислување, ја практикуваме здравата и разновидна исхрана, го негуваме убавото однесување и вредности, ги почитуваме различностите! “.

Нашата визија: „ Да бидеме детска градинка која во својата работа имплементира и реализира различни современи програми и модели на едукативна работа со децата, но и со семејствата, за заеднички на секое од нашите деца да му овозможиме максимално да го развие сопствениот потенцијал, станувајќи независна, слободна, сигурна, задоволна, одговорна и успешна индивидуа во нашата заедница!

**ЈОУДДГ Бамби – населба Чашка, Општина Чашка**
**Д И Р Е К Т О Р**
**Елена Михајлова**

_________________________

## *Содржина:*

Вовед...............................................................................................................................2

1.Појдовни основи за организација на дејноста.................................................................3

2.Услови за работа и организациона поставеност ..............................................................4

2.1.Просторни услови ………..................................................................................................4

2.2.Опременост на Установата за деца.....................................................................................5

2.2.1.Опрема и мебел за деца во градинка..............................................................................5

2.2.2.Играчки и дидактички материјал во градинка.................................................................6

2.3. Потребни зафати за проширување, санација и реконструкција на установата......................6

2.4. Аудио-визуелна опременост ...............................................................................................7

2.5.Библиотечен фонд...............................................................................................................7

3. Организација животот и работата во градинката ................................................................ 8

3.1. Вработени.............................................................................................................................9

4.Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа…..........................................11

4.1. Здравје и моторен развој…………………….......................................................................15

4.2.Социо-емоционален развој.....................................................................................................16

4.3.Пристап кон учењето ............................................................................................................17

4.4. Јазик комуникација и творештво ..........................................................................................18

4.5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења ..............................................................19

4.6.Креирање на стимулативна средина за игра и учење ...........................................................20

4.6.1.Литературен центар ............................................................................................................21

4.6.2.Математички центар ...........................................................................................................21

4.6.3.Центар за игра со конструктивен материјал ........................................................................21

4.6.4.Научно истражувачки центар ..............................................................................................22

4.6.5.Уметнички центар ...............................................................................................................22

4.6.6.Центар за игри со улоги, драматизација и претстави……………………………………………....22

4.6.7.Центар за изложување детски творби ..................................................................................22

4.7. Играта како основна дејност во градинка..................................................................................23

5. Здравствена дејност ...............................................................................................................25

6.Јавна и културна дејност ........................................................................................................27
6.1.Еколошки календар...............................................................................................................32
7. Соработка општествената средина ........................................................................................32
7.1. Соработка со локалната и општествената заедница..........................................................32
7.2. Соработка со семејството.....................................................................................................33
7.2.1. Партнерски односи на соработката ..............................................................................34
7.2.2. Форми на соработка со семејството .............................................................................35
8.Проекти и проектни активности ..............................................................................................36
9. Факултативни програми во установата ....................................................................................37
10. Следење и унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната работа......................................37
10.1. Стручен совет.......................................................................................................................37
10.2. Совет на воспитувачи...........................................................................................................38
10.3. Совет на негуватели.............................................................................................................39
11. Програма за работа на директорот на установата...................................................................40
11.1. Предмет и содржина на Планот и Програмата на директорот..........................................40
12.Заклучок.....................................................................................................................................44